РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Бр. 17-246/1
10.03 2022 год.
Македонски Брод

Согласно член 8 и член 22 точка (2) од Законот за локална самоуправа(”Сл весник на Р.М” бр.5/2002), Општина Македонски Брод го подготви следното,

# И З В Е С Т У В А Њ Е

Секое правно или физичко лице, кое е сопственик или врши дејност во производствен, транспортен или во систем за складирање во кој се присутни опасни супстанции во количества поголеми или еднакви на пропишаните гранични вредности (прагови) определени со ,

Правилник за опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна (“Сл весник на Р.М” бр 25/2010,), е должно:

- да ги преземе сите мерки неопходни за спречување на хавариите и за ограничување на нивните последици врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето пропишани со овој закон и
- за преземените мерки да го известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина

За системите во кои опасните супстанции се присутни во количини определени со, Правилник за опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна (“Сл весник на Р.М” бр 25/2010,), операторот е должен да изготви план за спречување на хаварии согласно,
П Р А В И Л Н И К ЗА СОДРЖИНАТА НА ПЛАНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ХАВАРИИ(“Сл весник на Р.М” бр 60/2013)
Планот за спречување на хаварии треба да биде во пишана форма и да гарантира висок степен на заштита на луѓето и животната средина вклучувајќи ги целокупните цели и принципи на дејствување на операторот заради управување со ризикот од хаварија.

Операторот е должен да изготви внатрешен план за вонредни состојби, кој ќе ги содржи мерките што треба да се преземат внатре во системот во случај на хаварија и планот да го достави на општината , врз основа на кој е должна да изготви надворешен план за вонредни состојби. Операторот е должен планот за вонредни состојби да го достави на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 15 дена од денот на донесувањето.
Во подготовката на внатрешните планови за вонредни состојби треба да учествуваат и лицата вработени во системите

Содржината на внатрешните и надворешните планови за вонредни состојби, како и начинот на нивното одобрување е определено со,

Правилникот за содржината на внатрешните и надворешните планови за вонредна состојба,како и начинот на нивното одобрување.(“Сл весник на Р.М” бр. 50/09).
Известувањето е со цел операторите да бидат запознати со законските обврски од глава XV СПРЕЧУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ХАВАРИИТЕ СО ПРИСУСТВО НА ОПАСНИ СУПСТАНЦИИ од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 , 39/16 и 99/18) и нивно долследно почитување.

Составен дел на ова извесување се:
Правилник за опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна (“Сл весник на Р.М” бр 25/2010,),

П Р А В И Л Н И К ЗА СОДРЖИНАТА НА ПЛАНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ХАВАРИИ(“Сл весник на Р.М” бр 60/2013)

Правилникот за содржината на внатрешните и надворешните планови за вонредна состојба,како и начинот на нивното одобрување.(“Сл весник на Р.М” бр. 50/09).

Бр.17-
09.03.2022

Изготвил
м-р Ирена Мишкоска

Контролирал
Зоран Новески

Градоначалник

м-р Жарко Ристески